РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА
СКОПЈЕ
Бр. 02-2382/1
22-02-2006 год.

СТОПАНСКА КОМОРА на МАКЕДОНИЈА
Бр. 23-893/1
28.02 2006 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ

## ЗА СОРАБОТКА И ПАРТНЕРСТВО МЕЃУ ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ГРУПАЦИЈАТА НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ШПЕДИТЕРИ ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА,

**склучен на 22 февруари 2006 година**

Со цел унапредување на деловниот амбиент во Република Македонија преку олеснување на трговијата и транспортот, почитувајќи ги националните законски прописи и меѓународните документи за чија имплементација Република Македонија се има обврзано, како и подобрување на мегусебната соработка, Групацијата на меѓународните шпедитери при Стопанската комора на Македонија и Царинската управа на Република Македонија потпишаа Меморандум за соработка и Партнерство со којшто се утврдува начинот на соработката:

1. Формирање на Царинско - Шпедитерски Комитет со назначени 3 (тројца) претставници од секоја страна.

2. Разменување информации со коишто располагаат Страните, подобра примена на царинските процедури, документи и прописи, како и соработка во постапките на утврдување на царинската политика, мерки и регулатива според заедничкиот интерес и побрза и полесна примена на Европските регулативи и прописи во националното законодавство.

3. Организирање редовни задолжителни средби на Царинско - шпедитеркиот Комитет како и меѓу претставниците на Царинската управа на Република Македонија или на нејзините испостави и претставниците на Групацијата на меѓународните шпедитери при Стопанската комора на Македонија, по одредени прашања.

4. Преземање заеднички активности на планот на обука и едукација од областа на царинските постапки, со цел олеснување на трговијата и на транспортот.

5. Развивање на соработката и партнерството во проекти и иницијативи коишто се однесуваат на олеснување на трговијата и на транспортот, а се од интерес за двете страни.

ЦАРИНСКА УПРАВА
НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Директор,
Илија Илоски

ГРУПАЦИЈА
НА
МЕЃУНАРОДНИТЕ ШПЕДИТЕРИ

Претседател,
Стевица Чарапиќ

СТОПАНСКА КОМОРА на МАКЕДОНИЈА
Бр. 23-894/1
28. 02. 2006 год.
СКОПЈЕ

Врз основа точка 1 од Меморандумот за соработка и партнерство меѓу Групацијата на меѓународните шпедитери и Царинската управа на Република Македонија,

Царинската управа на Република Македонија, претставувана од Илија Илоски, директор и

Групацијата на меѓународните шпедитери, претстатвувана од Стевица Чарапиќ, претседател,

на ден 22 февруари 2006 година, склучија

**МЕМОРАНДУМ**
**за формирање на Царинско-шпедитерски комитет**

Член 1

Се формира Царинско-шпедитерски комитет (во натамошен текст: Комитет), како стручен форум и форма за унапредување на оперативноста во меѓусебната соработка, во функција на координирано делување во надминувањето на отворените прашања и проблеми на релација Царинска управа - шпедитери.

Член 2

Комитетот е составен од 6 члена, од променлив карактер во зависност од проблематиката што се разгледува, од кои три члена од Царинската управа на Република Македонија и три члена од Групацијата на меѓународни шпедитери. По потреба, како членови на Комитетот може да се повикаат да учествуваат и претставници од надворешни институции.

Член 3

Координацијата на вкупните активности на Комитетот ги врши координатор.

Член 4

Основни задачи на Комитетот се:
- да ги разгледува актиелните прашања и проблеми од делокругот на царинско-шпедитерското работење и
- да предлага мерки за надминување на отворените прашања и проблеми.

Член 5

Комитетот се состанува најмалку еднаш месечно и тоа секој прв работен понеделник (алтернатива: вторник) во месецот со почеток во 8:00 часот, а по потреба и почесто.

Предлог-темите што ќе бидат на дневен ред на Комитетот, страните ги разменуваат најдоцна три работни дена пред состанокот.

Местото на одржување на состаноците се утврдува по пат на меѓусебен договор на двете страни.

Член 6

Стручно-административните работи за потребите на Комитетот ќе ги врши Стручната служба на Стопанската комора на Македонија.

ЦАРИНСКА УПРАВА
НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Директор,
Илија Илоски

ГРУПАЦИЈА
НА
МЕЃУНАРОДНИТЕ
ШПЕДИТЕРИ

Претседател,
Стевица Чарапиќ